**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија , одржана на 9 декември 2004 година**

Седница се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Есад Рахиќ, Слободан Даневски, Зоран Крстевски, Ванчо Ѓорѓиевски, Цветле Јаневска, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумвоски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Слободан Чашуле, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Гзим Острени, Мендух Тачи, Хусеин Хусеинџеват и Љубе Бошковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2003 година.

Господине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Би сакал да се вклучам и јас во расправата по однос на оваа точка. Со еден ден пауза да продолжиме таму каде што застанавме. Во секој случај самата точка предизвикува интерес кај пратениците и тоа е добро кога станува збор за Годишниот извештај. Јас морам да кажам дека од името на Комисијата за финансирање и буџет, па и по наша иницијатива оваа точка се најде на дневен ред, но кога веќе сакам да земам учество во расправата, јас би сакал да ја конкретизирам работата поточно да зборувам за она што сметам дека треба да се зборува. Да не заборавиме дека станува збор за Годишен извештај на извршните ревизии на

работата на Државниот завод за ревизија, Извештај од 2003 година кој опфаќа период од 2002 година.

Добро е што сега го разгледуваме затоа што треба да ги запазиме роковите и да му дадеме можност на Државниот завод за ревизија да си ја работи работата која му е и со закон доделена.

Почитувани колеги,

Во сите овие години наназад според мене Државниот завод за ревизија си ја исполнува својата задача максимално професионално и секогаш до нас доставувал разни извештаи кои што ние како пратеници овде ги разгледуваме и предлагаме заклучоци, односно врз основа на тие заклучоци даваме упатство до Владата да преземе одредени мерки.

Јас би зборувал во делот на она што во Извештајот го добивме во смисла на она кој е оној остварен опфат на планираните ревизии. Во Извештајот стои дека секоја година Државниот завод за ревизија прави годишна програма која што треба да биде реализирана. За 2003 година реализирани се 64 или 65% од планираното, тоа е некаде 81 од 127 субјекти. Тука не го земам случајно овој податок кој би сакал да го дискутирам затоа што самиот Државниот завод за ревизија дава и објаснување поточно што е причината поради која што од планираното реализирано е само 65% од Програмата. Морам да напоменам дека сите други извештаи кои што сме ги разгледувале во Собранието на Република Македонија од Државниот завод за ревизија и од претходните години никогаш не биле со 100% опфат на реализација на она што било планирано. Тука има причини и сметам дека пратениците повеќе треба да се задржиме на тој сегмент отколку да се впуштаме, како што некој колега дискутираше колку килограми сладолед се изеле, или не знам што, затоа што сметам дека она што Државниот завод за ревизија ни го доставува како извештај со податоци, бројки сметам дека тоа е валидно и тоа е направено од стручен тим и ние како пратеници навистина немаме што тука да додадеме, или да одземеме, или да коментираме во тој правец затоа што тоа можеме да го користиме само во некаков си политички маркетинг. Меѓутоа јас би споменал само неколку работи за она што Државниот завод за ревизија го кажал во својот извештај.

Во Извештајот стои дека 40-тина државни институции ненаменски користеле околу две милијарди денари. Потоа седум јавни институции не ги евидентирале обврските за плати, даноци за придонеси со што се забошотиле околу 42 милиони

денари. 26 субјекти непрописно или воопшто не извршиле попис на средствата и тн., има уште многу други работи.

Во делот на јавните набавки наодите на извршените ревизии покажуваат дека скоро 77 субјекти не ја почитувале постапката за јавни набавки. Кај  два субјекти се констатирани набавки на материјали без претходно одобрување на пари, а кај 66 ненаменски, незаконски користени средства за јавните набавки. Тука има уште многу работи кои би можеле да се кажат, меѓутоа само го споменувам од аспект на тоа да укажам дека секоја година она што го добиваме како извештај од Државниот завод за ревизиј, вакви или слични податоци содржи Извештајот.

Парите што се наменети за користење онака како што треба, наменски очигледно не се користат, има прекршување на законската процедура. Во делот на јавните набавки не се почитува ниту законот ниту постапката. Тоа е повеќе од очигледно и тоа се повторува од година во година.

Проблемот сигурно не завршува само со 2002 година, туку тој проблем сигурен сум и убеден сум дека постои и денес и во наредните извештаи кои што ќе ги добиваме од Државниот завод за ревизија ќе бидат слични констатации, можеби не овие бројки, можеби поголеми или помали, но во суштина очигледно е дека законите за финансиската дисциплина, за постапката, за јавни набавки и сл. не се почитуваат во онаа мерка во која што треба. Тука е основната причина поради која што и постои Државниот завод за ревизија, тоа е основната причина поради која со закон се конституира Државниот завод за ревизија и тоа шт му дава оправданост да постои.

Овде се отворија многу дискусии во правец на тоа што фајде имаме од тоа што разгледуваме извештаи, што фајде имаме од тоа што констатираме и со заклучоци дека треба да се преземат мерки против субјектите кои што не ги почитуваат законите и тн. и расправата се движеше во правец како за тоа да е виновен Државниот завод за ревизија. Јас би сакал тоа да го расчистам со констатација дека она што е законска обврска на  Државниот завод за ревизија тој си ја исполнува и си ја работи својата работа, за која овде ни доставува Извештај од кој што ние можеме да видиме што фактички се работело и колку се сработило.

Такви мерки преземале институциите на системот во Република Македонија по однос на извештаите и заклучоците што Собранието ги доставува таму, тоа е прашање кое можеме како пратеници да го иницираме и да добиеме информации и да побараме од Владата што е реализирано од она што како заклучок произлегло од

Собранието. Тоа е прашање кое може да се дискутира, но не на ваква точка, туку на некоја посебна седница и некоја посебна точка. Факт е дека ние како пратеници немаме многу информации. Кај многу од пратениците постои уверување дека слабо се презема во делот на одговорноста од страна на институциите на системот по однос на овие извештаи, по однос на овие институции и затоа провејува несигурност и дилеми кај некои пратеници зошто ни е заклучок, во кој што се кажува дека Владата на Република Македонија  се задолжува да преземе одредени правни консеквенции према оние субјекти кои не го извршуваат она што треба да го извршуваат согласно законот па е констатирано од  Државниот завод за ревизија. Тука е прашањето не од  Државниот завод за ревизија туку на некој друг и на некоја друга адреса. Тука е пред се Јавното обвинителство, тоа е органот во Република Македонија  кој што со закон треба да ги гони сторителите, треба да ги иницира кривичните постапки, тука е Министерството за внатрешни работи и тн. и тн. И тоа е прашање кое можеби ќе го покренеме во некоја друга прилика или пак кога ќе дојде овде извештај или некоја интерпелација кон Јавниот обвинител на Република Македонија и тогаш да констатираме што тој сработил во смисла на она што значи гонење на кривичните сторители. Значи, сега се враќам повторно зошто од планираното е остварено само 64%. Тука ќе ги цитирам наводите во Извештајот.

Како една од причините која самиот  Држвен завод констатира, тоа е главната реализација на искажаната поддршка за кадровско екипирање на  Државниот завод за ревизија и нејзино практично остварување на почетокот на месец септември 2003 година. Значи реализацијата на Годишната програма 127 субјекти се реализира со 35% од планираните 66 ревизори, или тоа е некаде 53%. Јас мислам дека ова е клучно прашање на кое што ние како пратеници треба да се задржиме, а не на некакви си бројки кои овде се искажани како показател да знаеме што сработил државниот ревизор, не да разговараме и дискутираме колку сладолед се изело, туку да разговараме зошто оваа реализација е ваква, зошто  Државниот завод за ревизија до денеска не е потполнет со вкупниот број ревизори кој што е констатиран и утврден со програма. Значи, зошто сеуште има 35% од 66 ревизори кога Собранието на Република Македонија  во своите заклучоци не само сега, туку и во претходните заклучоци ја задолжува Владата таа програма да ја исполни.

Наспроти она што Владата се залага за намалување на бројот на државната администрација, тоа ако е политика и стратегија на Владата, но таму каде што има превработени во ред, но таму каде што нема и таму каде што е нужно да постои

треба да се реализира. Затоа почитувани колеги ни се случува извештаите на Државниот завод за ревизија да доаѓаат подоцна, затоа се случува да не е 100% реализирано она што со програма го има.

Како втора причина самиот државен ревизор го најавува оправданото долготрајно отсуство на тројца ревизори што во основа вели "претставува континуирано отсуство на една ревизорска екипа". Значи ова уште повеќе ја усложнува состојбата кога екипираноста на Државниот завод за ревизија е само 50% од планираното и ако се случи тројца, или една екипа е на боледување или оправдано отсуство тогаш се поставува прашањето како може да се реализира она што се бара од Државниот завод за ревизија. Наспроти сите барања кои што Државниот завод за ревизија ги доставил и до мене како претседател на Комисијата за финансирање и буџет, но и до Владата и до Собранието со кое што ни свртува внимание дека таа работа треба да биде завршена за да си ја исполнуваат својата задачса, и законската овде и ние како Собрание треба да тргнеме од нашата одговорност. Значи ние како пратеници многу подобро ни е да се занимаваме која Влада колку трошела и како трошела од државните пари, отколку да прозбориме отворено и да кажеме дека малку сме се ангажирале во овој дел кога станува збор за екипирање односно за реализација на она што значи програма и она што значи ветување од Влада и она што значи дека треба да биде звршено.

Сакам да напоменам дека Државниот завод за ревизија работи повеќе од 10 години и сеуште го носи епитетот Државен завод за ревизија во основање, а зошто во основање, затоа што сеуште не е доекипиран не само персонално туку и финансиски.

Третата причина на која се задржува Државниот завод за ревизија како една од причините поради која што кажува "во континуитет немаме комплетен извештај за сите субјекти е заради необезбедените и потребни барани средства од Буџетот на Република Македонија".

Јас почитувани колеги како претседател на Комисијата за финансирање и буџет имав повеќе прилики Државниот завод за ревизија преку својот директор, господинот Методија Тошевски да бидам известен и да бидам замолен дека со овие средства кои што во Буџетот се предвидени за Државниот завод за ревизија тешко е да се исполнат и 50% од очекуваната Годишна програма која ја има Државниот завод за ревизија, а камо ли да има 100%. Тоа Владата добро го знае, меѓутоа се

поставува прашањето зошто до ден денес тие средства не нашле своја позиција во Буџетот на Република Македонија.

Ние како пратеници сите сме добивале, а убеден сум дека и сега ќе добиеме кога ќе дојде расправата по Буџетот известување од Државниот завод за ревизија со свои барања, па дури и со предлози на амандмани со кои се корегирал Буџетот, меѓутоа многу малку пратеници сум видел или сум слушнал во Собранието кои се ангажирале во тој дел. Значи сакаме да имаме дисциплина во финансиското работење кај субјектите, но кога треба маркетиншки да зборуваме и кога треба да кажуваме која влада колку трошела и како трошела, а кога треба да кажеме орган кој што е единствено надлежен тоа да го констатира на стручен и единствено исправен начин е Државниот завод за ревизија тогаш ниеден пратеник овде не сум слушнал ниту видел еден од тие амандмани да предложи, поддржи и да и сугерира на Владата да го прифати. Кога тоа ќе го правиме како пратеници и кога на Државниот завод за ревизија навистина ќе му ја дадеме онаа законска позиција која треба да ја има тогаш можеме да зборуваме, значи откако ќе го екипираме 100%, откако ги добие парите од Буџетот кои што му следуваат, тогаш можеме да дискутираме дали Извештајот кој што го доставил Државниот завод за ревизија е ваков или онаков, исполнет 100% или не. Вака секгоаш ќе коснтатираме дека е добар Извештајот, меѓутоа побитни се некои стапки кои што ги утврдуваат околку да се задржиме на конкретните проблеми.

Значи уште неколку збора би кажал, сметам дека овој Извештај кој што го имаме пред нас е навистина добар, објективен и заслужува да биде прифатен, заслужува да биде разгледуван во Собранието на Република Македонија и затоа ние како Комисија тоа го предложивме. Начинот на кој што ни се достави Извештајот од Државниот завод за ревизија исто така е доста стручно напишан, содржи два дела, од кои што едниот дел е она што значи работа која со закон ја има, оние ревизии кои се вршени кај субјектите со опис, со табели, со еден добар преглед кој што може секој пратеник да го разбере и да види што внатре содржи. Има и втор дел кој што зборува за самата проблематика односно што од Годишната програма која што Државниот завод за ревизија ја има, со кој кадар, со кои финансиски средства, со сите проблеми кои стојат внатре е ставено во преглед за да ние како пратеници имаме увид што во суштина во Државниот завод за ревизија внатре се случува, односно со каква состојба се соочуваат и самите вработени.

Значи, од тие причини покрај ваквата недоволна екипираност, и покрај сите пболеми што Државниот завод за ревизија ги има, не само оние оправдано отсутни тројца извршители односно една екипа, туку со сите оние финансиски средства за кои сите многу добро занеме колку му недостасуваат сепак Државниот завод за ревизија успеал со еден максимален ангажман да ни достави еден Извештај со над 65 реализација од она што е планирано со план во текот на наредните години да се заврши и кај оние субјекти каде што таква ревизија немало.

Значи, почитувани колеги, ние како Комисија се потрудивме во најголем дел од она што ни беше предложено во вид на Предлог на заклучоци од Државниот завод за ревизија да ги инкорпорираме во Предлог-заклучоците на Комисијата кои што ви се доставени и како Собрание се надевам дека сите пратеници тие заклучоци ќе ги поддржат. Меѓутоа да не биде тоа само едно изгласување колку да се заврши точката, туку и понатаму како пратеници да земеме еден ангажман, односно да се ангажираме во правец до оној кој што е надлежен тие заклучоци да ги реализира односно да водиме стемка и да пројавиме интерес тие заклучоци да бидат реализирани, а да не бидат повторувани само секоја година, туку и реализирани.

Сметам дека Извештајот го заслужува своето внимание и начинот на кој ни е доставен и на кој ние како пратеници овде дискутираме, не е спорно дека истиот ќе биде изгласан. Но, пак ќе кажам дека во иднина и ние како пратеници, почнувајќи од сега натаму, да се ангажираме повеќе и со нашиот ангажман и влијание да овозможиме и да издејствуваме Државниот завод за ревизија да го добие она што со години наназад е само пуста желба и во тој дел да може да си ја врши работата која со закон му е доделена. Значи, Извештајот, според мене е добар и не е спорно дека јас ќе го поддржам и ќе гласам за.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Има реплика господинот Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Бидејќи се препознав во дискусијата на колегата Караџоски, можам да му кажам дека не се разбирам во сензибилитетот на оние што со државни пари се расфрлале ненаменски. Факт е дека парите се трошени безмилосно, а сладоледот е само една опција на вкусот.

Ќе се согласите господине Караџоски, дека поумесно би било доколку ги трошеле парите, макар ненаменски за социјални проблеми и за сиромаштијата. Во тој случај немаше да ставам никакви забелешки.

Сега сакам господине Караџоски да ве насочам во една работа, да ви биде појасна целата проблематика.

На страна 31 од Извештајот, Годишниот извештај, не за конечниот извештај што јас дискутирав, под реден број 28-Министерство за култура, проект за развој на општините преку културата.

Можам да ви кажам дека во Источна Македонија се делеа пари за такви проекти, просто да се згрозите. Само ќе ви кажам два примери. Еден проект е печење на ракија од сливи, 1800 долари за една година. Вториот проект е чување на магарето како национално богатство, една година 2500 долари. Дали се трошени наменски или ненаменски проценете сами.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, имате реплика една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Апостоловски, јас воопшто не ја гледам причината зошто ми реплицирате бидејќи јас не кажав ништо што не е во извештајот.Она што јас го кажав е дека се што е кажано во Извештајот, сметам дека е објективно и вистинито прикажано, што овој Завод е единствено стручен тоа да го направи. Јас како пратеник не сум тој што треба да кажувам и да укажувам дали тоа е така или не. Значи не навлегувам во тие проблематики. Господине Апостоловски, јас кажав тоа што се случувало некогаш се случува и денеска, а тоа ќе го видиме преку разни други извештаи кои ќе дојдат. Вие впрочем имате извештај од премиер кој е во оставка, кој ви кажува дека и оваа Влада сега во оставка е корумпирана, и кој знае какви се работи ќе најдеме кога ќе дојдат извештаите. Тука е проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Костадинова, имате три минути реплика.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Ќе реплицирам на една констатација што ја изнесе колегата Караџоски, со која не се согласувам.

Колку што забележав тој во својата дискусија искажа констатација дека дискусиите на пратениците се движеле во правец на тоа како да за констатираните

недостатоци е виновен Државниот завод за ревизија. Колку што ја следев расправата во сите дискусии преовладуваше мислењето дека Државниот завод за ревизија направил максимални напори со кадровскиот потенцијал што го има да ја исполни програмата 65%, колку што се сеќавам и дека Извештајот е квалитетен, сублимирани се сите негативности, од констатираните наоди, има и советодавни фукнции што се искажани во Извештајот, но напротив во сите дискусии преовладуваше загриженоста што еве и господинот Караџоски ја изнесе дека ништо не се презема односно зошто не се преземаат мерки од надлежните органи за констаљтираните неправилности односно зошто повратно нема информација до Собранието, што е преземено, бидејќи тоа е трет извештај што Собранието во овој состав го разгледува. Од претходните два, она што беше констатирано, ние немаме повратна информација што е преземено за тие случаи односно за констатираните непрвилности.

Другата негова констатација беше дека како пратеници малку сме се ангажирале на некој начин да помогнеме Државниот завод за ревизија да го реализира заклучокот, односно кадровски да се доекипира. Тука и како Комисија ние се залагавме за тоа, предлагавме заклучоци, но треба пак да ја имаме предвид и општата состојба на рестриктивна буџетска политика и на незголемување бројот на вработувања во државната администрација и дека Државниот завод за ревизија како корисник на буџетски средства треба да ја дели судбината на останатите буџетски корисници. Колку и да сме свесни за таа потреб, сепак неможеме на одредени буџетски корисници да им даваме некоја поповластена или попривилегирана состојба, иако знаеме дека тој има потреба од нови вработувања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Караџоски, имате реплика една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Колешке, за првата констатација, ако навистина така сум кажал, се извинувам, не сум мислел така и благодарам што ме допрецизира, односно ме поправи.

По однос на втората констатација  би ме радувало да зборувате како пратеник, а не како претставник на Владата. Владата е таа која води сметка за тоа дали има или нема средства, од каде ќе ги најде, а вие како пратеник треба поинаку да зборувате. Владата е таа која треба да си најде што е законска одредба и да си ја исполни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги моалм пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот и мислењето на Комисијата за финансирање и буџет ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ги усвои поредложените заклучоци.

**Минуваме на 24-та точка - Информација за состојбите со системот за “Спас на Дојранското езеро”.**

Информацијата и Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Повелете господине Ѓорчев, имате збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Еден од основните постулати за опстанок на човештвото и грижата за неговата животна околина што ќе рече грижа за сите природни богатства и реткости, како и сите животински и растителни видови. Човекот како продукт на природата, како биолошко и општествено битие има задача и е должен да води грижа како за своето семејство, за човечката и државна заедница, за поколенијата, но исто така и за животната средина во која живее што треба да им ја предаде на поколенијата после него во облагородена форма, од генерациите што ја наследил таква. Во тој контекс проблемот на Дојранското езеро можеби за современиот облик на државна творба, најнапред Социјалистичка Република Македонија и сега Република Македонија, претставува еден голем испит за кој ние човечки и како државна заедница треба да покажеме висок степен на свест, разбирање за нашата човекова околина и сето тоа да го преточиме во конкретни активности, како државна заедница

што ќе значи наша грижа за животната средина и одржлив развој на сите ресурси во државата Република Македонија.

Дојранското езеро претставува еден своевиден ралитет на подрачјето на Република Македонија. Се наоѓа во југоисточниот дел на државата и она што е многу важно, заедно со регионот на Горна Боемија што е претставена преку градовите Гевгелија, Валандово и Богданци, Дојран и околината, заедно со Дојранското езеро од кое 2/3 припаѓа на Република Македонија е регион кој има медитеранска клима со јужни култури со едно ралитетно производство што овозможува Република Македонија во тој тесен појас да биде и медитеранска земја.

Заради сплет на околности Република Македонија не излегува на море. Познато е дека морето е прозорец кон светот. Меѓутоа, Дојран претставува нашето морско богатство. Со својот природен состав, со своите карактеристични климатски карактеристики како посебен био тип, а тоа е езеро по својата средна температура, годишна средна температура од 16,2 степени, има идентична температура како што е температурата на полуостровот Халкидики во Северна Грција. Оттука, значењето на овој медитерански регион во Република Македонија, можноста за развој пред се на спортско рекреативен, рехабилитационен и стопански развој, производство на јужни култури, развој на она што претставува и економска димензија во делот на земјоделското производство, во делот на еколошкото производство, во делот на преработувачки капацитети, вработуввање на граѓаните од тој регион и пошироко, граничниот премин со Република Грција, сето тоа ни дава за обврска ние на Дојранското езеро да гледаме како на еден повеќедимензионален проект кон кој мораме да бидеме одговорни и проект со кој, на крајот на краиштата, доколку успееме да го зачуваме Дојранското езеро во облик како што природата ни го дала, како човечка заедница, да го зачуваме, тогаш имаме право да пледираме и да претрендираме на средства од структурните фондови на Европската унија за еколошка заштита, од сите светски фондови за заштита на човековата средина и одржливиот жовеков развој. Едноставно Република Македонија се наоѓа пред еден голем истпит, токму на ова прашање што може да се формулира како спас на Дојранското езеро. Ако тргнеме од крткиот историјат како настанале проблемите со Дојранското езеро, ќе видиме дека човечката заедница во државотворен обкик независно за кое општествено економско уредување се работи, придонела многу за нарушување на природната рамнотежа, на животинските и растителните видови на Дојранското езеро.

Проблемите на Дојранското езеро настануваат уште во 1808 година со прокопувањето на каналот Ѓолајак, со кој, во должина од 1300 метра, со кој уште во времето на Отоманската империја се имало за цел да се наводнува Бобушкото поле и водите од Дојранското езеро да бидат прелеани во Вардарскиот слив, во тој потег на Кукуш.

Во 1916 година нивото на Дојранското езеро изнесувало кота 149 метри. Веќе во 1952 година, во времето на државна заедница Социјалистичка
Република Македонија, котата изнесувала 148 метра, а во 1956 година кога е потпишана првата меѓународна спогодба помеѓу тогашна Југославија и Република Грција, се дефинира дека котата на Дојранското езеро изнесува 147,34 метри, со можност за отстапување 1,20-1,40 метри до еколошкиот минимум кој е предвиден на 145,94 метри. Од 1956 до 1977 година не се запазува овој еколошки минимум во Дојранското езеро во повеќе години по ред се случувала еколошка катастрофа со изгинување на многу животиснки и растителни видови, нарушување на Дојранското езеро како посебен биотип и создавање на нови животински и растителни видови кои не соодвествуваат на овој медитерански крај. Во тој период од 1956 до 1977 година, преку каналот Ѓољак, истекувале 30 м.3 вода.

Во 1978 година со спогодба меѓу Југославија и Грција се испуштаат дополнителнио 5 милиони м.3 вода и наеднаш езерото опаѓа за 66 сантиметри под својот еколошки и биолоштки минимум што рекол е 145,94 метра и почнува катастрофата која во јануари 2001 година, според картата на националната водостопанска основа, нивото на водата во Дојранското езеро изнесувала 141,8 метри или, како податок во спредба во 1916 година езерото е под нивото за 8,2 метри. Оттука како императив се наметна државата Република Македонија која во цел период од создавањето на самостојна независна и суверена држава, несомнено во своите проекти и програми водела грижа на кој начин да се спречи изгинувањето на Дојранското езеро како посебен биотип имајќи ги предвид карактеристиките за кои говорев претходно. Се оформени повеѓе проектни цели и се пристапило кон изработка на повеќе проекти кои имале за цел да се спаси Дојранското езеро.

Долги години се сметаше дека со помош на Република Грција на чие подрачје се наоѓа 70% од сливното подрачје на водите од Беласица кои го полнат Дојранското езеро, можно е да се изнајде решение и тоа да биде спасено со една еколошка култура на нашиот јужен сосед кој може да рабере зошто ова езеро е толоку важно за Република Македонија, затоа што тој јужен сосед исто така многу

добро разбира зошто му е потребен среден годишен проток од 85 м3 вода на реката Вардар, на границата кај Богородица, или пак зошто Република Македонија и во овој момент инсистира на разрешување на проблемот на бездушното црпење на водите од Преспанското езеро.

Едноставно бидејќи немало разбирање во таа насока, науката во Република Македонија и експертите во водостопанската област пристапуваат кон изработка на еден друг проект, кој што има за цел од подземните ревири на базенот Ѓавато, каде што се филтрира преку песочни води водата од реката Вардар како подземни акумулациони базени со огромен капацитет, 3 до 4 пати поголем од капацитетот на Дојранското Езеро, кој што изнесува просечно околу 270-280 милијони кубни метри вода да се обезбеди со помош на канал, дел по гравитациона основа, дел со помош на пумпи, да се обезбеди дотур на вода од 1000 литри во секунда, кој во еден подолг период од 5 години ќе овозможи, пред се, ревитализација, а потоа и целосно возобновување на сите животински и растителни видови и повторно возобновување на езерото како посебен биотип Дојранско Езеро. Тој канал е направен и со тој канал Република Македонија, пак ќе кажам, може да се гордее, целиот тој систем за напојување и снабдување со потребните количини на вода од прва категорија, која што е и вода за пиење, веќе во овие 25 месеци од функционирање на системот некаде од ноември месец 2002 година, може да се каже дека со вбризганите над 30 милијони кубни метри вода Дојранското Езеро во овој момент го има покачено нивото за 1,8 метри од таа минимална кота во јануари 2001 година, која изнесувала 140,8 метри и сега веќе Дојранското Езеро очигледно заживува и се повратуваат животинските и растителните видови и она што е најважно, заживува целиот регион околу Дојран.

Со овој проект за кој Република Македонија има издвоено по разни основи над 16 милијони евра сопствена парична акумулација, се легитимираме пред светот дека сме држава која води грижа за сопствените природни реткости и за своето национално богатство. И покрај тоа што е докажано од страна на македонската наука на преговорите со Република Грција на средбите во Атина и Солун двапати, дека пробелмот на Дојранското Езеро настанува од две причини, прво, што се прекинува природниот дотур на реките од Беласица за кои Грчката страна има направено вештачка акумулација, каде што ги прибира водите од реките од Беласица, кои служат за наводнување на Кукушкото поле, и второ, затоа што на потегот од Дојрани до Кукуш има направено над 270 артериски бунари, кои исто така

бездушно и нееколошки ја исцрпуваат водата од подземниот акумулационен базен на Дојранското Езеро. Меѓутоа, и покрај ваквиот начин на, би рекол, некоректно однесување и со докажување со помош на германската техничка помош во Република Македонија и експертите од таа помош, во преговорите со грчките минситри во повеќе наврати од Министерството за земјоделство и Министерството за екологија, македонската страна успеа да докаже дека овој проект во кој Македонија вложува 16 милијони евра мора да иницира постапки од грчка страна, на соодветен начин, тие да изнајдат исто така на научна подлога решение за спас на Дојранското Езеро, затоа што се работи за меѓународни води, а меѓународните води подлежат под одредена кодифиакција и меѓународни стандарди.

Оттука, како императив сега се наметнува, бидејки јасно е дека ова е наша обврска и наше право, а правото е стекната награда, наградата им припаѓа на граѓаните на Дојран, на сите тие кои живеат од тоа езеро, ние да продолжиме со грижата бидејки имаше дилема пред почнувањето на изградбата на овој проект од страна на одредени експерти кои се присутни во Македонија од разни технички служби, беше кажувано вие прелевате вода од Вардар во Дојран и дека тоа не е дозволено. Меѓутоа, зарем ќе беше дозволено до сега Дојранското Езеро да се исуши и да стане како што е езерото Лагадина исто така на потегот на патот Солун-Кавала, каде езерото е безмалку исчезнато. Така што Република Македонија мора да се грижи за своите национални богатства, мора да се грижи за своите реткости и ресори, особено за водниот ресурс со кој ние сме скудни и во таа насока, преку овој проект мислам дека ние можеме да претендираме, како што претендиравме долги години за Охридското Езеро и добивме огромни донации кои беа оправдани за зачувување на таа природна реткост и зачувување на сите вреднсоти околу Охридското Езеро, сега да му посветиме грижа на Дојранското Езеро, особено ако се знае дека тој морски амбиент, дека тој медитерански амбиент овозможува и здравствени, рекреациони и спортски аспекти и би рекол, пак ќе кажам заживување на многу стопански граники.

Отука произлегува и потребата ние како Собрание да донесеме соодветни заклучоци, со кои може да се надмине одредени би рекол не спорни точки туку одредени критични точки, во сегашниот момент на опскрбување со потребните финансиски средства на овој повеќенаменски систем и морам да кажам дека во Комисиајта за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собраиетото на Република Македонија сите бевме едногласни, донесовме заеднички заклучоци, кои

мислам дека се релевантни и се надевам и ве замолувам Собранието да ги подржи, со што би рекол на многу ефикасен начин ќе овозможиме, заедно со поволните хидролошки состојби во последните две години, брза ревитализација на Дојранското Езеро во еден среднорочен период од 5 години и на таков начин реализирање на сите оние мерки за кои говорев. Притоа се битни три моменти во тие заклучоци.

Заклучоците ви се доставени.

Првиот момент е дека Собранието на Република Македонија укажува на потребата Владата на Република Македонија да обезбеди средства од Буџетот на Република Македонија за пвоедување на Хидросистемот “Дојранско Езеро” во технички исправна состојба, со покривање на сите трошоци за тековно работење на Јавното претпријатие “Дојранско Езеро”, како и за покривање на севкупните трошоци на тоа Јавно претпријатие по кое најголем дел отпаѓа на електричната енергија.

Јас говорев за тоа дека имаме и обврска за ова од проста многуедноставна причина, затоа што електроенергетскиот систем на Република Македонија 70% од својата енергија ја црпи исто така од националното богатство, јагленот во Пелагонсикста низина и Тајмиште. Тоа национално богатство кое го црпиме исто така за потребите на македонските граѓани, а за кое треба да продискутираме и по таа тема кога ќе дојде Буџетот, за концесиите што ги плаќаат и државнит еи приватните и мешовитите претпријатија при црпењето на националното богатство на Република Македонија, зависно дали се подземни, рудни или водни богатства и од кои државата мора да покрие одредени трошоци, тука се наметнува како императив навистина прелевање од една би рекол во друга димензија, при што со помош на ефектите кои ги црпи електроенергетскиот систем од подземното национално богатство на Република Македонија, навистина не е оправдано да се кажува дека нема пари во Буџетот, дека нема пари во Електростопанство на Република Македонија и за потребните 60 милијони денари годишно не можеме да обезбедиме покривање на трошоците за струја за функционирање на хидросистемот, кога е јасно дека сите тие средства за кои говорам Електростопанство на Република Македонија ги црпи од националното богатство, од ресурсите со кои располага во моментот државата Република Македонија и претставуваат национално богатство. Едноставно мораме ова да го разрешиме, затоа што во спротивно кога ќе дојдеме до буџетската димензија , и оваа година ќе имаме Буџет, и ако видиме дека навистина се вели дека нема пари за покривање на трошоците за струјата, тогаш можеме да размислуваме и за други аспекти, за отворање на прашањето тогаш да се наплатат тие трооци,

односно да се покријат трошоците, соодвтна цена на јагленот кој го користи Електростопанство на Република Македонија од утробите на земјата.

Вторито аспект е дека Собранието на Република Македонија оценува дека е потребно Владата да пристапи кон изнаоѓање правна можност за формриање јавно претпријатие кое повеќенаменски ќе може да го користи овој систем, зашто овој систем не е само систем што ќе го спаси Дојранското Езеро, овој систем има повеќе можности. Има можности за наводнување, има можности за обезбедување вода за пиење, има можности за обезбедување вода за индустријата и на таков начин водење грижа за оваа поливалентност на системот преку едно комплексно јавно претпријатие ќе овозможи и поефикасно, порентабилно и профатибилно работење на овој хидросистем.

И третиот аспект е, уште еднаш ќе кажам, ние имаме ретка можност преку овој проект на сите светски конференции за одржлив развој на земјата, на планетата Земја  и одржливиот човеков развој да докажеме дека Република Македонија се грижи за човековата околина, дека Република Македонија можеби предничи пред многу други земји кои користат странска акумулација туку со домашни, македонски пари, со македонската наука, со помош на тоа што претставува наше знаење и умеење успеавме и ние да дадеме своја контрибуција во зачувувањето на природните реткости и богатства на Балканскиот полуостров, што ќе рече и на Континентот Европа и за тоа треба Владата на Република Македонија исто така да поведе сметка, да конкурира на сите, односно да го изложува овој проект и да бара контрибуција на финансиски средства од сите оние земји кои донираат огромни средства за слични вакви намени ширум светот.

На крајот уште еднаш ќе кажам дека ние имаме голема обврска, независно што се работи би рекол можеби за еден задоцнет момент, кога години station наназад не се реагирало, при што како што кажав во времето од 1956 година почнуваат проблемите за загрозување на Дојранското Езеро и неводење сметка за еколошкиот минимум на водите во Дојранското Езеро. Меѓутоа, ние имаме голема обврска и од аспект на духовната димензија затоа што ние мораме да го почитуваме и заветот на генерациите кои ни ја предале оваа природна средина така како што ние сме ја наследиле и нашето помагање на таа природна животна средина ќе значи наш материјален влог во иднината на нашите  поколенија.

Се надевам дека ќе ги подржите овие заклучоци и со тоа едноставно ќе им помогнеме на сите граѓани на Република Македонија, во тој дел барем да бидеме модерна еколошка развиена и би рекол европска земја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ѓорчев.

За збор се јави пратеникот Владо Паунков.

Господине Паунков, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Благодарам, претседателе.

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Инфорамцијата изготвена од колегата Марјан Ѓорчев, која денес е на дневен ред на седницата на Собранието на Република Македонија, убеден сум дека ќе предизвика конструктивна расправа што ќе продуцира соодветни заклучоци кои ќе и помогнат на Владата да преземе правилни дејствија, со што ќе се претстават работите на организационен план на Јавното претпријатие кое стопанисува со Хидросистемот на здрава основа. Убеден сум дека тоа може да се постигне бидјеки ова Јавно претпријатие управува со хидросистем кој е еден од најскапите, најсложените и што е многу важно најперспективните по идниот стопански развој на регионот.

Од горенаведените причини, Владата согласно своит енадлежности ќе постапи и овој хидросистем суштински ќе го стави во функција на економскиот развој на регионот.

Почитувани пратеници, за еколошката катастрофа што ја доживеа Дојранското Езеро низа години, конјуктурноста на темата ги полнеше страниците на пишаните и програмите на електронските медиуми. Меѓутоа, дирекни последици по економијата се одразија на општината Стар Дојран и Богданци. Локалниот економски развој на овие две општини, кој беше дирекно во функција од Езерото, со еколошката катастраофа на истото се доведе во незавидна состојба. Токму од тие причини општина Богданци беше и еден од главните лобисти на проектот “Спас на Дојранското Езеро” кој подразбираше користење на квалитетните подземни води од непосредна близина на Богданци за потребите на Дојранското Езеро. Со овој проект верувавме дека ќе се обезбеди враќање на стариот економски сјај на нашите општини, бидјеки нашите професионални знаења од хидротехниката и

долгогодишното искуство на тоа поле беше гарант за исправноста на нашите заложби за овој проект. Без разлика дали мотивите на тогашната власт биле за ефективен политички маркетинг, при што во брзината на реализацијата на проектот се направија низа пропусти како на технички так аи на организационен план, мора да се оддаде признание за нејзината храброст со која пристапи кон реализација на проектот. На три километри западно од Богданци на Чакалеста тераса од левата обала на реката Вардар изградени се 10 цевасти бунари, длабоки 45 метри со инсталирани капацитети од по 100 литри во секунда по бунар или вкупно 1 метар кубен во секунда чиста квалитетна вода. Во истите вградени се длабинско потопни пумпи, кои ја пумпаат квалитетната подземна вода преку челичен цевовод Ф-900 милиметри до првиот изливен базен на кота 120 метри надморска височина, кој се наоѓа на 1 километар западно од Богданци. Од овој изливен базен од 600 метри кубни се овозможува поврзување на Хидромелиоративниот систем “Паљурци” кој го покрива најголемиот дел од Богданската котлина. Со тоа се обезбедува сигурнсот со количини на вода со пвоеќе реколти, со оглед на тоа што акумулацијата “Паљурци” од 3 милијони метри кубни вода тоа не може да го гарантира и покрај постојниот современ подземен систем за наводнување. Од овој изливен базен со 6 хоризонтални центрифугални пумпи за вода со капацитет по 200 литри во секунда се препумпува на кота 240 метри надомрска височина во изливен базен од 300 метри кубни кој се наоѓа на 200 метри северно од Богданци. Оваа кота овозможува преку челичниот цевовод со вкупна должина од 19,3 километри водата да дојде во изливен базен од 300 метри кубни на кота 209 метри надморска височина во местото викано Душановец, од каде со отворен канал со трапезна форма во должина од 600 метри водата доаѓа во езерото.

Почитувнаи пратеници,

Претходно изнесените технички карактеристики на Хидросистемот, како и техничката организациона поставеност на истиот, беа со цел да се свати сложеноста од техничкиот аспект на истиот, но што е уште побитно и за повеќенаменскиот карактер на истиот. Сакам да истакнам дека овој Хидросистем не е изграден само за спас на Дојранското Езеро, тоа е само еколошкиот аспект на неговите можности. Неговото значење е многу пвоеЌе за овој регион по период од 4, 5 или 6 години, што зависи од претстојниот хидролошки период на сливното подрачје на Дојранското Езеро, Хидросистемот нема да биде музејски експонат кој ќе го посетуваат учениците на час по екологија, туку напротив истиот ќе претставува основен дел од

инфраструктурата на регионот што ќе овозможи забрзан развој на рибарството, туризмот, интензивното земјоделство, индустријата и т.н. Сите овие аспекти при формирањето на претприајтието не се земени предвид, односно не е земен предвид повеќе наменскиот каркатер на хидросистемот. Токму тука лежиосновниот ефект на ова Јавно претпријатие, кое го формира минатата Влада во едно брзање непосредно пред парламентарните избори, изоставувајки ги примарните приоритети, а ставајки го во преден план секундарните, вработувајќи одреден број на луѓе само заради вработување, без притоа да се води сметка за правилно функционирање на Јавното претпријатие. Токму поради овие состојби се случува ова Јавно претпријатие да не е во тек или поточно да не е носител на проектот “Јужен Вардар” кој предвидува спојување на Хидромелијаративниот систем “Паљурци” со Хидросистемот “Дојранско Езеро”, односно на територијата на општина Богданци израснува најсовеsignificant хидросистем, а постојното Јавно претпријатие не е посматрач на случувањата. А за да биде апсурдноста на ова претприајтие ушт епоголема може да се види и од член 6 од Статутот на претпријатието кој гласи “Јавното претприајтие ги врши следните дејности: искористување на водите за земјоделството, собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода, изградба на хидроградежни објекти, проектирање и инженеринг”.

Главната причина по кој повод е изгрден системот и единствено системот моментално е во функција за обезбедување нормални еколошки услови на Дојранско езеро не е опфатен со статутот на претпријатието. Затоа Владата на Република Македонија треба да формира јавно претпријатие кое ќе стопанисува со еден заокружен повеќенаменски современ хидро систем на кој систем центарот, или срцето се наоѓа на територијата на општина Богданци и има потенцијал за ширење на истиот во регионот. Така поставени работите ќе овозможат ефективно функционирање на хидросистемот за дефинирани корисници. Услугите на ЈП од еколошки аспект мора да ги наплати од државата, односно мора да се предвидат овие трошоци во Буџетот на Република Македонија, бидејќи ефектите од истите ги користат повеќе субјекти на државата. Останатите услуги кои ќе ги дава јавното претпријатие ќе ги наплаќа директно од корисниците. Или по конкретно, Владата треба да формира водостопанско претпријатие согласно постојните закони. Само на тој начин ќе се обезбеди стабилно функционирање на хидросистемот. Со изградбата на овој хидросистем Република Македонија во свои раце има огромен аргумент пред

Европа и светот за грижата на државата за зачувување на екологијата во истата . Дека на тоа поле не е ништо случајно постигнато, туку напротив оваа држава има контунуитет и искуство на тој план е и системот за прифаќање на фекалните води од Дојранскиот регион, нивно пречистување и префрлување во подрачјето на река Луда Мара во општина Богданци. Очигледно е дека државата вложила огромни средства за зачувување на природните особености и вредности на Дојранското езеро. Таквата нејзина кристално јасна исправна политика на еколошко поле и дава за право истото да го бара и од соседна Грција, особено кога ние како држава која е во транзиција, а со тоа во тешка економска состојба издвојуваме за еколошките проблеми големи финансиски средства , со полно право можеме да бараме од Грција како членка на ЕУ многу повеќе да биде вклучена во овој наш заеднички проблем.

Почитувани пратеници, убеден сум на основа на горе изнесеното дека состојбите во еден од нашите најсовремен, најскап и најперспективен хидро систем ќе се надминат. Од тие причини предложените заклучоци можат само да и помогнат на Владата во овој правец. Затоа ве повикувам да гласате за предложените заклучоци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да се вклучам во дискусијата по Информацијата за системот "Спас на Дојранското Езеро" . Би сакал да потенцирам дека ја поздравувам иницијата на колегата Марјан Ѓорчев за подобрување на системот за "Спас на Дојранското езеро". Сметам дека Дојранското Езеро е едно од нашите поголеми природни богатства, затоа ние треба да се грижиме за тоа природно богатство да го оставиме на следните генерации. Колку е значајно Дојранското Езеро за тој крај и воопшто за Република Македонија кажано е многу, кажано од аспект на туризмот, од аспект на риболовот, од еколошкиот аспект како за растителниот така за животинскиот, од аспект на климатските услови што значи нивото на водата на Дојранското Езеро, како и за стопанството во тој крај. И сето тоа може да има и последици доколку нивото на езерото опаѓа се повеќе, значи може да има последици на демографското движење на населението во тој крај, така што може да настане миграција на населението од тој регион. Сметам дека тоа би била една исто така една од поголемите последици за Република Македонија.

Проблемот на Дојранското Езеро како што искажаа и дискутантите постои околу 20-тина години и е предмет на анализи, разговори, дебати и што е најважно разговарано е и со грчката страна, бидејќи и ова езеро како и останатите две езера и Преспанското и Охридското Езеро со поделбата на Република Македонија, значи се подели и на другите страни, така што овие езера се и Дојранското и Охридското е на две држави поделено, а Преспанското на три држави. За жал, тоа е сторено пред 100-тина години. И сега ние во желба да се изнајде решение за овој проблем кој веќе приближно што реков постои 20-тина години во Република Македонија, значи, да се изнајде решение имаше многу варијанти и можни решенија, многу научни студии. Така што на крајот се искристализираа три решенија, две со зафаќање на вода од реката Конска и една со пумпање на вода од реката Вардар. Значи се избра варијантата за доведување на дополнителни количини на вода во Дојранското Езеро со пумпање на вода од реката Вардар. Направена е студија од јавното претпријатие за просторно планирање на Република Македонија во 2001 година, во 2002 година за среќа значи на Република Македонија и на Дојранскиот крај и другите краеви кои што гравитираат таму, реализиран е овој проект за спас на Дојранското езеро. Значи, во тој проект како што кажаа и повеќе дискутанти со 10 пумпи со секоја од по 100 литри во секунда, вкупно 1000 литри во секунда се доведува вода и е предвидено да се доведува вода во Дојранското Езеро. И со ваквата издашност на овие пумпи предвидено е за 10-тина години да се добие нултата квота на Дојранското Езеро, а потоа треба само да се одржува ова ниво на вода во Дојранското Езеро. При тоа треба да се одржува ова ниво и најголемите трошоци секако паѓаат за електрична енергија за одржувањето на овој систем. Меѓутоа, постои една можност за искористување на базенот Дојран и правење на хидроцентрала, со тоа и трошоците за одржувањето на овој систем би биле помали, така што годишните трошоци за одржување на системот кога би функционирал онака како што е предвидено, значи заокружен со сите сегменти би било околу 250 иљади евра годишно, што мислам дека за Република Македонија не се големи пари, значи Република Македонија има можност, има интерес и што е најважно има обврска да го финансира и да го одржува овој проект. Затоа ги поддржувам овие заклучоци од Комисијата за земјоделие кои што практично се дополнија и преиначија оние кои што ги предложи колегата Марјан Ѓорчев, значи ги поддржувам сите тие заклучоци кои што ќе значат спас, или понатамошно добро функционирање на овој систем за “Спас на Дојранското Езеро”. Сметам дека со реализирањето на овие заклучоци ќе се

создаде можност особено преку формирањето на ЈП кое ќе стопанисува со овој систем покрај за одржувањето на овој систем ќе се создадат можности и за наводнување на земјоделските површини како и за водоснабдување со вода за пиење на населението и  на дел од индустријата во тој регион каде што поминува овој систем.

Има уште еден аспект кој што исто така би сакал да го потенцирам, а тој е загатнат во третиот заклучок на Комисјата, а тоа е однесувањето на Република Грција кон Дојранското Езеро. Владата на Република Македонија како што е наведено и во Заклучокот треба да инсистира, или да преговара со Република Грција и таа да учествува во финансирањето на одржувањето на овој систем, бидејќи и Република Грција е корисник на водите  на Дојранското Езеро.

Особено треба да се разговара со Грчката страна за договорено, или оптимално користење на водите на Дојранското Езеро од нивната страна, бидејќи сепак знаеме дека најголемата опасност за Дојранското Езеро потекнува токму од таму.Значи ние колку вода и да донесуваме во Дојранското Езеро, доколку од Грчката страна неконтролирано тоа се искористува, значи овој систем ќе биде исто како ние да ставаме вода од празно во шупло. Затоа треба да се направат интензивни билатерални разговори па и договор, или мониторинг на користењето на водите од Дојранското Езеро. Значи само така со овој дополнителен сегмент сметам дека би го затвориле овој,  како да речам систем за “Спас на Дојранското Езеро”. Затоа што во последните две, три години сепак беа подобрени хидро метеоролошките услови, значи беа  повлажни годините и затоа можеби немаше поголемо искористување на водите од Дојранското Езеро од Грчката страна. Меѓутоа, времето е секогаш непредвидливо и многу е лошо доколку настана посушни години, а ние ова со Грчката страна не сме го издефинирале добро, не сме го договориле, значи не сме го потпишале заеднички и што е најважно нема мониторинг од трета страна, или незнам на каков начин тоа ќе се изведе , меѓутоа кој што ќе ја контролира реализацијата на договореното во врска со користењето на водите од Дојранското Езеро.

И на крајот пак ќе потенцирам дека ги прифаќам овие заклучоци за обезбедување на средства од Буџетот на Република Македонија , за формирањето на јавно претпријатие за соработка со Република Грција за заедничка грижа за овој систем  и со тоа сметам дека ќе го задржиме ова природно богатство со сите аспекти

на Дојранското Езеро кое што ни е нас пружено на Република Македонија. И на крај, со големо задоволство ќе гласам за сите овие заклучоци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и г-да,

Навистина имаме да разговараме за еден сериозен проблем што во моментов постои во Република Македонија . Од една страна е подолготрајното веќе умирање на Дојранското Езеро најпрво како резултат на негрижата на луѓето. Меѓутоа, откако беше изнајдено решение на кој начин може да се спаси Дојранското Езеро и се покажа дека ова решение навистина може сериозно да профункционира и да ги врати изгубените води во Дојранското Езеро. Сметам дека токму овој момент барем не треба да постои двоумење за тоа дека треба и понатаму да опстои хидро системот за спас на Дојранското Езеро. Веќе неколку ;пати досега како опозиција го поставувавме ова прашање на одржување на хидро системот за спас на Дојранското Езеро. Навистина денеска морам да го искажам задоволството бидејќи гледам дека и пратениците од парламентарното мнозинство го делат истото мислење дека Владата треба посебно да се ангажира за непречено работење на хидро системот за спас на Дојранското Езеро. Пред само месе и нешто кога го разгледувавме ребалансот на Буџетот на Република Македонија повторно со амандман сакавме да укажеме на потребата од непречено функционирање за да може да опстои хидро системот. Тогаш немаше расположение од страна на Владата, меѓутоа се надевам дека овие заклучоци кои што на предлог на колегата Марјан Ѓорчев и на предлог понатаму на Комисијата за земјоделие ќе бидат прифатени од сите пратеници на Собранието на Република Македонија и да го зачуваме Дојранското Езеро навистина како наше национално богатство кое што треба и понатаму да го пренесеме на генерациите по нас, а онака како што го оставиле претците на наше користење. Мислам дека несериозниот однос на Владата кон овој хидро систем треба да престане. Пред само неколку месеци имаше состојба кога можеше да се случи хаварија. За среќа пред само неколку дена престана штрајкот на вработените во хидро системот за спас на Дојранското Езеро, бидејќи беа пуштени неколку плати кои што не беа исплатени и во исто време беше пуштена екипа, односно да изврши реконструкција на техничката опрема и за среќа сега се пуштени пет пумпи да работат, бидејќи досега во периодот на штрајкот не работеше ниту една, беа

исплашени вработените од тотална хаварија на системот и во исто време беше загрозен апсолутно нивниот живот и нивното здравје. Значи, за да не ни се повторуваат овие состојби јас навистина би била среќна кога овие заклучоци би биле усвоени од Собранието на Република Македонија . Меѓутоа, овие заклучоци навистина да претставуваат обврска на Владата да постапи по нив и во новиот буџет на Република Македонија за 2005 година да се изнајдат средства, во исто време да се изнајде и начин за стопанисување понатамошно на хидро системот. Исто така да се преземе една широка дипломатска активност заедно со Република Грција да се изнајде начин на користење на водите на езерото, начин кој што нема да предизвика понатамошно умирање и навистина исцрпување на водите на езерото заради тоа што, ако од страна на Македонија се додава постојано вода од пумпите во Ѓавато, а од другата страна се искористува без секаква мерка Дојранското Езеро, значи повторно нема да имаме сериозно решение и токму заради тоа треба да има една широка дипломатска активност од страна на Владата. Исто така, сметам дека и парламентарната група може да придонесе за соработка со Република Грција, да се воспостави една соработка со парламентарците од Република Грција, за да можеме да го наметнеме тоа прашање како проблем помеѓу двете држави а кое што во исто време е интерес и за Република Грција и за Република Македонија да биде решено онака како што е најдобро за двете држави и за граѓаните и во Република Македонија и во Република Грција, а тоа е опстојување на Дојранското Езеро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Ќе реплицирам само во еден дел. Но, на почетокот ќе кажам дека подржувам во целост акции кои се во функција на зачувување на природните богатства, во овој случај на ревитализација на Дојранското Езеро. Колешката рече дека Владата на Република Македонија има несериозен однос кон проектот Дојранско Езеро. Јас само ќе ја запрашам каков е односот на тие што го реализирале проектот, ако проектот започнува да се реализира 2002 година, а веќе во 2004 година се бараат финансиски средства за поправка, санирање и отстранување на пречки за целосно функционирање на системот. Како и со каква намера тие го реализирале проектот, ако и пред да профункционира се поотребни средства да се санира и да се поправи истиот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Мислам дека многу е јасен односнот на оние кои што го реализираа проектот кон Дојранското Езеро и резултатите се гледаат, тие се позитивни, постојано се покачува нивото на Дојранското Езеро. А ако редовно не се одржува и ако биде буквално оставен хидро системот без подршка на државата , ако неможе нормално да функционира и да се одржува техничката опрема, нормално е дека ќе настане хаварија, значи две години се доволен период за да ако не биде одржуван еден систем, нормално дека може да се случи ваква хаварија како што можеше да се случи, бидејќи во тој однос се гледа негрижата на Владата во овие две години, бидејќи испраќаа многу дописи вработените од хидро системот за спас на Дојранското Езеро, дека навистина им е потребна подршка и помош од страна на Владата не само за исплаќање на платите на вработените.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Денес имаме еден интересен и важен материјал тој важен материјал е важен како по својата суштина така и по правниот статус. Важен е по суштината заради тоа што се однесува на проблемот на зачувување и спасување на Дојранското езеро чиј опстанок навистина беше доведен во прашање и ако не се изградеше овој систем, веројатно, ќе имаше далеку покатастрофални последици за целата околина.

Затоа, важно е што денес ние расправаме за идејата како да се спаси Дојранското езеро и многу е важно што основната намера на сите дискутанти овде учесници се ослободени од било каква партиска политика и политиканство, имаат искрена намера да го поддржат овој материјал.

Од правниот статус на материјалот е важно што всушност ние имаме чисто парламентарен материјал, парламентарна иницијатива, иницијатива од парламентарец и парламентарна комисија за едно прашање многу важно за земјата, каде Владата дава само мислење, а не ја повела сама иницијативата, каде не е иницијативата ни од локалните самоуправи таму неколку единици кои ги има, туку Парламентот преку свој член и преку своја комисија го покрева ова прашање. Тоа му дава тежина на целиот овој проблем. Тоа само значи дека Парламентот навистина е загрижен околу иднината на Дојранското езеро, но исто така значи дека и во иднина, не само за Дојранското езеро, туку и за други важни, национални и државни

проблеми на населението, овој Парламент ќе покрева иницијатива, доколку изостанува иницијативата на Владата или на другите институции во државата.

Јас имам доста средби во Дојран и околу Дојран со луѓето и морам да ви кажам дека сите тие се среќни што е изграден овој систем, но сите се загрижени од тоа дали ќе знаеме да го сочуваме тој систем и дали тој редовно ќе функционира или постојано дневно ќе наидува на некои пречки во своето функционирање, де нема средства да се одржува, де нема средства да се плати струја итн. Значи, се свесни за тоа дека многу статусни прашања од постоењето и функционирањето на системот се уште не се решени и затоа овој материјал доаѓа на вареме токму да ги покрене и ги покрева сите тие прашања и бара нивно решение.

Инаку, ја промени состојбата и односот на граѓаните од цела Македонија кон Дојран само тоа што функционираше овој систем и што помогна да се рехабилитизира езерото и да почне да се зголемува нивото на водите во езерото, иако, се разбира, беа поповолни хидролошки годините откога тој дејствува. Тоа го подигнува духот и на граѓаните на Дојран, на населението на Дојран. Луѓето се надеваат дека ќе му се врати стариот сјај на Дојран, но тука постојат неколку проблеми. Еден дел од проблемите се наши, се разбира чисто овде македонски на македонската држава и еден дел се малку пак на македонската држава но пошироко.

Го поддржувам и овој приод што го изнесе овде и г. Паунков, мислам дека мора многу попрецизно да се дефинира намената на овој систем и соодносот меѓу повеќето намени во него и економските одговорности на корисниците на тие намени. Мислам дека вода со квалитетот што го има, покрај нејзината потенцијална корист да се влива во езерото, по количините што ги има, таа вода може да послужи за препород на населбите во тој крај. Таа е чиста убава вода за пиење, а многу од населените места немаат здрава вода за пиење и ја немаат доволно. Исто така, немаат доволно за вистински индустриски развој, да речеме на Стојаково, па и на Богданци итн. А, оваа вода може да им послужи навистина да можат да засноваат еден вистински развој, барем снабденоста со водата да не биде пречка за тоа, да биде поволност, а од друга страна да не се оштети неговата еколошка намена и снабдувањето на езерото.

Откако ќе се дефинираат и распоредат тие намени и соодноси во користењето на водата и во сезони и во разни прилики и разни хидролошки состојби итн, тогаш се разбира, ќе биде многу важно кои правни инструменти во старт што треба да се дотераат, да се дополнат и како да се преформулира и која ќе биде

вкупната функција на претпријатието кое е сега за искористување на овој систем. Што поскоро треба да престанат партиските и меѓупартиските триења и потреби за некоја доминација или пресметки меѓу луѓето. Така се нанесува само штета и се урива угледот и на сите партии, а се доведува во прашање функционирањето на системот. Граѓаните го примаат целиот тој систем како да им припаѓа на сите и да носи корист на сите. Тоа е пресвртен момент сега во Дојран и во Дојранско. Тука треба да се создаде таква клима и сите да одат кон тоа. Сега гледам дека во Нов Дојран има некоја иницијатива сами да се снабдуваат со вода, да се искупуваат некои нови бунари, се разбира, од подземни води кои водат кон езерото или од езерето доаѓаат во тие резервоари каде што се сега. Дали има потреба од таа работа? Дали е потребно дополнителни средства да се трошат, ако веќе водата е донесена до Дојран, само да се земат, тоа треба да се уреди, ништо повеќе. Така што, сите тие работи треба да се имаат предвид.

Вториот комплекс на прашањето е дали и овој систем да функционира или имаме нормални хидролошки години, дали ќе биде доволна компензација на излевањето на водите преку црпење на подземни води од Република Грција и дали пак нема да го загрози новото на Дојранското езеро една таква практика кај соседите. Мислам дека после интервенцијата на господинот Лероа кој се заинтересира за Дојранското езеро на време и упати писмо до Комисијата на Европската унија, надлежни институции таму постигнаа некој напредок во однесувањето на грчкиот партнер овде и мислам дека тие сами донесоа некој заклучок и Грција ветување дека ќе го замрзне бројот на бунарите и нема да копа нови бунари и дека дел од водите кои одеа во нивни акумулациони и други езера таму од Беласица, кои се така зафатени под некоја согласност од наша страна, која инаку се води на Дојранското езеро после поплавите од 1962 година, согласност која се даде за време на СФРЈ, барем делумно да се пуштат во Дојран. Не знам дали е добро пресметан квантитетот на тие мерки и дали го спасуваат езерото од можност на нова евентуално загрозена состојба, ако дојдат повторно суши. Во секој случај овој канал и овој систем кој е доведен е готов. Треба да си го гледаме како зеницата во окото, да го чуваме како корист на сите дојранчани, на сите од околината непосредно на Дојран, на сите граѓани на Република Македонија, а и на сите жители на оваа земја. Тоа е еден пример како да се сочува едно богатство кој Господ Бог и природата ни го дала, а ние да сме се вразумиле и да не го уништиме. Тоа е страшно важна работа. За мене, ако сакате, најдрагоцен резултат од целата оваа

расправа овде што ја имаме гледам еден комплетен однос, една промена на сите луѓе во односот кон овој проект. Сега сите го разбираат, сите го поддржуваат, нема приговор. Јас се сеќавам каква пропагандна машинерија работеше кога требаше да се пушто во користење. Некој носел цистерни, пуштал, ова, она, да ги оставиме сите тие работи, се виде дека тоа се глупости. Да ги оставиме тие работи на страна. Сигурно се правеле грешки, можеби има грешки и во изведувањето, можеби има и во опремата, тие грешки не се намерни. Сите тие грешки се исправаат, но најважно е тој систем да се сочува, ефикасно да се искористат сите негови можности и да се уреди и таа околина на сливот на системот во Дојран. Тоа е исклучително добро место. Тоа е место каде што може да се развие еден поголем комплекс, кој туризмот и угостителството во Дојран може да го зајакне, да му даде нова шанса. Таму можат да се направат и киосци, може да се посадат убави и големи дрвја, да се обезбедат сенки, да се изградат разни локали, да се комерцијализира сето тоа во функција на заштита и користење на целата таа работа. Тоа може да бидат шеталишта покрај каналот, кој сигурно шири свежина во оние жешки дојрански ноќи итн. Во близината можете да организирате, исто така, разни забави за младинците преку летото, Дојран да го добие оној сјај што го имаше, но на еден многу повисок нов квалитет. Дојран ја има таа можност, ги има во себе тие можности и е потребен наш човечки коректен однос. Сега, мислам дека со оваа иницијатива и со атмосферата што се создава околу неа, работите се менуваат на добро, и тој правец треба Собранието да го сугерира како основен правец на однесување и на политичките сили во државата, но и на граѓаните кон она што ни останало, што го имаме и што треба да го унапредуваме и да го збогатуваме.

Затоа, ние ќе гласаме за заклучоците што се содржани во оваа информација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој има за реплика? (Нема).

Тогаш, за збор е пријавена пратеникот Соња Лепиткова, а нека се подготви пратеникот Томе Тромбев.

Повелете госпоѓо Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сакам сосема накратко, во една кратка сублимирана дискусија од не политички, туку стручен аспект да укажам на тоа дека навистина ја прифаќам оваа информација и кои се причините поради кои го правам тоа, а тоа е дека во сите оние претходни закони и предлози и ратификации на спогодби кои што се однесуваа на проблемите на водите, како пратеник секогаш дискутирав и поддржував, Република Македонија да води посебна грижа кон водите, бидејќи тие треба да претставуваат наша перспектива и иднина и дека треба да се стремиме кон тој правец, со посебна грижа и однос да се однесуваме кон водите, затоа што во иднина тие ќе претставуваат и тоа како значаен елемент за животот во сите сфери не само на Дојранското езеро, не само на Дојран, туку и на сите останати региони во Република Македонија.

Она што се однесува до Дојранското езеро, сакам да истакнам дека причината да се изгради ваков систем на дотур на вода во Дојранското езеро од два аспекти е многу важен, затоа што научната јавност и стручната јавност во Република Македонија не десетини, туку повеќе години station наназад укажуваа на проблемот кој што се појавува со исцрпување односно со неконтрилираното испумпување на водата од страна на Република Грција. Меѓутоа, мораме да признаеме дека и од луѓето од нашите околни села во Дојран се правеше тоа и доведе до намалување на еколошкиот минимум односно менување на котата која што претставуваше оптимум да опстој на Дојранското езеро од 148 метри со вкупни 309 милиони кубни метри вода да се намали до 2002 година на некаде околу 70 милиони и можеме да пресметаме што значи тоа и каков обем на намалување на капацитетот на водите на Дојранското езеро претставува.

Дојранското езеро е природен феномен и тоа како такво претставува една посебна потреба за опстојување во Република Македонија, затоа што климатските услови кои што владеат во тој регион не овозможуваат дотур на вода по природни услови, со намалување и на природните извори на подземните води, со години тоа како такво постојано го менувало својот капацитет на постојаност и поради тоа се направени низа студии, кои што ќе дадат на некој начин укажување на тоа каде треба да се движиме како држава и кои мерки треба да ги преземеме кон зачувување на овој природен феномен. Тоа што се укажа се спроведе во 2002 година, се направи системот за дополнување на Дојранското езеро. Јас ги прифаќам информациите кои што се дадено односно заклучоците од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и пред се сакам да ставам акцент на

повеќенаменоста на овој систем, значи да се укаже дека системот ќе служи не само за вода на дотур на Дојранското езеро и обезбедување на еколошкиот минимум, туку и за наводнување и водоснабдување на регионот кој што го зафаќа тоа езеро и населбите кои што се лоцирани во тој регион.

Од друга страна не е новина дека таму капацитети за туризам постојат години наназад, што значи треба да направиме Дојранското езеро се ревитализира и понатаму да опстои како една значајно туристичко место и од друга страна да одиме кон правец на тоа да ги зајакнуваме тие туристички особености на таа област од аспект и на развивање и на баналошкиот туризам односно оние квалитети на калта која што постои, посебно во селото Николиќ како такви, кои што мојот ценет професор господинот Ристо Стојанов ги истражуваше години наназад, да можеме како држава понатаму да ги продолжиме и да ја унапредиме таа поволност која што ја пружа тој регион.

Од тие причини сакам да укажам на тоа дека особено треба да ги зајакнеме билатералните активности со Република Грција, затоа што ние колку и да се трудиме да го дополнуваме езерото, ако имаме неконтролирано испумпување од другата страна, секогаш ќе бидеме во некаква негатива. Поради тоа, треба со Република Грција да продолжат интензивни билатерални договори, да се направи документ, договор кој што ќе биде како таков почитуван од двете страни, можеби да се вклучи и Европската комисија, која што дава поддршка на едни вакви проекти и да успееме да направиме се Дојранското езеро да го зачуваме како природен феномен и да им овозможиме на жителите од тој регион да почувствуваат добробит и процут и да се вратат во годините наназад кога Дојранското езеро кое се своите особености уживавме не само ние граѓаните на Република Македонија, туку и многу пошироко од аспект на своите здравствени и лековите особености, кои што водата на Дојранското езеро и фауната и флората што таа ги има, со специфични карактеристики ги пружа и за останатите републики од бившата југословенска држава, па и пошироко.

Од тие причини јас ги прифаќам информациите и пратениците на Либерално демократската партија ќе гласаме за овие заклучоци и се надевам дека на овој проблем понатаму нема да му даваме политичка димензија, затоа што секогаш сме го решавале од друг аспект. Јас како професор и научник секогаш ќе го застапувам само тој дел и мислам дека колегите пратеници ќе се сложат со тоа и дека граѓаните и оние што биле и оние што понатаму ќе опстојуваат на овој регион,

ќе ги чувствуваат подобностите и благодетите од опстојувањето и зачувувањето на природниот минимум и еколошкиот минимум на Дојранското езеро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Повелете господине Тромбев, па потоа за збор се јави пратеникот Јанаќе Витановски.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес имаме на тема една значајна точка која се однесува на едно наше значано природно богатство, тоа е Дојранското езеро, кое што во досегашните дискусии беше кажано за неговото значење во целиот претходен период и што тоа значи како бисер и неговата флора и фауна која што е зачувана во досегашниот период за Република Македонија.

За оваа дискусија бев иницииран од една дискусија претходно од госпоѓата Силвана Бонева, која што тука кажа дека сегашната Влада го остави проблемот на Дојранското езеро да тлее и да се зголемува бројот на проблемите. Напротив, со оглед дека тука не е министерот за животна средина, јас како претседател на Комисијата за животна средина би сакал да кажам дека Владата во досегашниот период, навистина, направи голем број напори за нормално работење и функционирање на Јавното претпријатие и за зачувување и продолжување на проектот “Спас на Дојранско езеро”.

Кажавме дека овој проект дојде на некој начин на свет со различни контраверзии, меѓутоа тој дојде, детето е родено и треба да се негува. Владата така посапуваше во претходниот период.

Само за последниот период би сакал да ги цитирам дел од одлуките на владата, кои се во насока за нормално функционирање на јавното претпријатие спас на Дојранското Езеро. Така на пример на 30.08.2004 година на својата 16 седница Владата донесе одлука за итно санирање на оштетувањето на автоматиката на хидросистемот на Дојранското Езеро настанато од обилните врнежи и поплави од 4 до 7 јули 2004 година, во вредност од 2 милиона и 52 илјади денари. Оваа работа е во тек и треб да заврши до крајот на оваа година. Меѓутоа на 13.09 на својата 19-та седница Владата од тековниот буџет пренамени средства во износ од 3 милиони и 800 илјади денари за напречно одржување на виталните функции на хидросистемот

и функционирање на јавното претпријатие до крајот на 2004 година. Исто така на 16.10. 2004 година донесена е одлука да се трансформира во програмата на Минстерството за животна средина и просторно планирање Јавното претпријатие Дојранско Езеро и притоа да се изврши рационализација и исто така во предлог буџетот за 2005 година овој проект е влезен со 50 милиони денари, што значи дека Владата и во наредниот период има определено средства за работа на Јавното претпријатие и продолжување на проектот за спас на Дојранско Езеро.

Еден од поголемите трошоци кое што се јавува во тековното работење на Јавното препријатие и на овој проект се средствата за електрична енергија кои што се во вредност од 1 милион и 200 илјади евра годишно кои што се 68 милиони кои што од Владата има донесена одлука тие да се покријат од меѓусебниот договор со руската федерација, кој што дел од средства треба да се пренаменат за Минисерството за животна средина и просторно планирање. Така да, апсолутно не доаѓа предвид тврдењето на пратеничката дека Владата не пресема чекори во подобрување на работењето и зачувување на овој проект кој што е отпочнат 2002 година и кои што и во нарендиот период треба да продолжи нормално, со цел да го зачуваме овој наш бисер во Република Македонија.

Меѓутоа, јас би сакал и нешто друго да кажам тука во однос на тоа дека повеќе пати се зборува за тоа дека ние треба со Република Грција да направиме билатерални договори како што претходно во 1956 година е направен билатрален договор, со кој што е определено минималното ниво, односно до кое ниво може да се користи водата  146, 13 метри, меѓутоа, очигледно сите овие години ние не успеавме со Република Грција да го разрешиме тој проблем, макар што се направени неои напори од нивна страна и затоа пробавме на некој начин и мултилатерално, проблемот на Дојранското езеро да го ставиме на повисоко ниво, така да минатата година имавме еден симпозиум во Охрид, каде што беше присутна комисијата за животна средина, за земјоделие и локални и регионални работи при парламентарното Собрание на Советот на Европа, во која прилика ние ги предочивме на преставниците од Парламентарното собрание проблемите кои што се настанати со намалување на водите од Дојранското Езеро, а нормално во таа прилика зборувавме и за Преспанското и за Охридското Езеро и таа средба, тој симпозиум даде свои резултати. Ние пред три месеци добивме извештај од таа посета, потоа беа во посета и на грчкото министерство за животна средина, апострофирајќи го проблемот на Дојран каде што имаа одговор кој што е даден во

извештајот нормално, каде што има договор дека Дојранското езеро може да се решава интегрално со менанџмент на водите од Вардарската долина и дека финансиските средства кои што во наредниот период треба да се наменат за проектите на Интеррек програмата и нормално од наша страна на програмата Картекс.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Јанаќе Витановски, имате збор.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Јас сакам да дадам свој придонес и ја поддржувам информацијата,а пред се го поздравувам колегата Марјан Ѓорчев, кој ја направи оваа информација и иницијатива за спас на Дојранското Езеро. Јас во целос ја поддржувам. Добро е тоа што го спомна колегата Стојан Андов, пртходно дека оваа ифнорамција произлегува од Парламентот од пратеници и Комисијата за земјоделство и шумарство и водостопанство која сестрано ја разгледа оваа информација и предложи соодветни заклучоци, кои во целост ги поддржувам.

Сметам дека овде не се битни партиските бои, овде е битно за мене пред се, ова е државен и национален интерес на државата, бидејќи наша обврска како прартеници е да обезбедиме заштита на националното богатство, а тоа е спас на Дојранското езеро. Овде некои колеги сакаат да стават партиски бои, но сметам дека не треба да правиме од ова маркетинг, но треба сите да гласаме за оваа информација и за предлог заклучоците од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и пред се, како парламент да бараме реализирање на истите од страна на Владата и обезбедување на средства за системот за спас на Дојранското Езеро. Не е битно која Влада, или кој пратеник ја предложи информациајта, но битно е ние заеднички да се залагаме и да даваме свои иницијативи, сите институции да се залагаат да дадат свој придонес за спас на Дојранското Езеро.

Сметам дека бидејќи Дојранското Езеро се наоѓа и на територијата на Република Грција, сметам дека вакви иницијативи и предлози треба да се прават и во Република Грција и за тоа би требало да се разговара со нив и тие да придонесат и да преземаат мерки за спас на Дојранското Езеро, но тука не ја исклучуваме и можноста и меѓународните заедници да дадат свој придонес за спас на Дојранското Езеро.

Јас на крајот би потенцирал уште еднаш дека ќе гласам за информацијата и за заклучоците кои се наведени од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и сметам дека ќе го вратиме сјајот на Дојранското Езеро онака како што беше некогаш.

Ви благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. Бидејќи сме единствени за заклучоците се надевам дека кворумот ќе биде лесно обезбеден.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници предлагачот на информацијата, пратеникот Марјан Ѓорчев го повлече предлогот на заклучоците содржан во информацијата, но затоа предлогот на заклучоците во извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 69 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен , ја заклучувам 83-та седница на Собранието на Република Македонија.

(седницата заврши со работа во 11,55 часот. )